ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Ул. Македонија бр. 25, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА
AGJENCIA E ADMINISTRATËS
Скопје-Shkup
Примено: / Pranuar: 10-07-2025
Орг.Един. / Nj. Org.: 10 | Број: / Numër: 1018 | Прилог: / Shtojcë: 10 | Вредност: / Vlera:

**СКОПЈЕ**
**Број, 04-816/14**
**09.07.2025 година**

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија", бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 99/22 и 208/24), конечна Ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и Предлог за вработување на кандидат по јавен оглас број 358/2025 на Агенција за администрација број 10-1018/9 од 08.07.2025 година, Директорот на Централен регистар на Република Северна Македонија донесе

**ОДЛУКА**

**за избор на 1 (еден) извршител - по пат на јавен оглас**

1. За извршител на работното место Одговорно лице за работење на РРК/РК Охрид, Регионална регистрациона канцеларија Охрид, 1 (еден) извршител, категорија Б, ниво Б04, и шифра на работно место ЦРМ/01/01/Б04/002, во Централен регистар на РСМ се избира;

-Биљана Јоноска, со идентификациски код 27D0339

2. Именуваниот ќе биде вработен на работното место од точка 1 од оваа Одлука, по конечноста на оваа Одлука.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Централниот регистар на РСМ, преку Агенцијата за администрација објави Јавен оглас број 358/2025 за вработување на административен службеник во Централен регистар, а кој оглас е објавен на ден 27.05.2025 година во дневните весници „Нова Македонија", „Слободен печат" и „Коха", за работното место Одговорно лице за работење на РРК/РК Охрид, Регионална регистрациона канцеларија Охрид со шифра ЦРМ/01/01/Б04/002.

Комисијата за селекција на кандидати за вработување формирана со Решение на Агенцијата за администрација број 10-1018/5 од 13.06.2025 година, во функција на спроведување на постапката за вработување на административен службеник за извршување на работите на работното место Одговорно лице за работење на РРК/РК Охрид, спроведе постапка за селекција за вработување за горенаведеното работно место.

По спроведената постапка за административна селекција, испитот за административен службеник и проверката на веродостојноста на докази и интервју, Комисијата изготви конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција со Предлог за вработување на кандидати за секое објавено работно место по јавен оглас број 358/2025, врз основа на што Директорот на Централен регистар на РСМ за работното место Одговорно лице за работење на РРК/РК Охрид,, со шифра ЦРМ/01/01/Б04/002, изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука**: Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавувањето на Одлуките на веб страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација .

Доставено до:
- Именуваниот;
- Агенцијата за администрација;
- Одделение за човечки ресурси;
- Архива на директор.

Изработил: Андријана Анастасовска-Китанова
Одобрил: Венера Којноска

**Директор,**
д-р. Анита Стамнова